**Гацо Капидан**

Среда, 10 Јули 2013 02:00



Ангел Гацо (Паришев), односно Гацо Капидан, како што бил познат меѓу селаните, бил роден во 1771 година во село Саракиново, Воденско. Уште како мало дете покажувал слободен и непокорен дух. Потекнувал од сиромашна фамилија, па поради тоа, како момче бил момок и пасел говеда и свињи во село Бабјани, Ениџе – Вардарско. Еден ден бегот кој владеел со чифликот и селото Бабјани, му јавил на газдата кај што живеел и работел Гацо, дека бегот доаѓа утредента и дека е на ред ќерка му да го служи. Газдата бил многу тажен и не знаел што да прави. Гацо го дознава тоа и утредента на денот кога требало бегот да го посети селото, ги натерал говедата да пасат покрај патот кајшто бегот минувал за селото на својот чифлик. Гацо носел некој јак стап со

кукуда и кога бегот се доближил со коњот, Гацо потрчал да ги растера говедата да не му пречат на бегот по патот. Кога дошол близу до него го удрил со јакиот стап го убил бегот и ја фатил планината.

Селаните од Бабјани знаеле дека Гацо потекнува од мегленските села ама не знаеле од кое село. Неколку години потоа Турците го барале низ селата и кога откриле дека е од Саракиново, Гацо го напушта Саракиново и се преселува во селото Перишор, Негушко. Тука се запознава со Негушкиот војвода Ташо Карташо кој многу го засакал поради неговата мудрост и решителност. Во тоа време Гацо многу се истакнувал во борбите за заштита на христијанското население против разни банди Карамани од муслиманско потекло. Ангел Гацо во тоа време станал главен воденски војвода и стекнал голем авторитет меѓу македонското население во Воденско. Во повеќе села во Воденско, имал создадено организации на поверливи луѓе што ги мобилизирал кога имало потреба за борба против непријателот.

Ангел Гацо бил висок маж, русокос со густи мустаќи, неуморен во пешачење, изразито смел во борбите, способен и мудар раководител на војската. Кога се преселил во селото Паришор-Негушко, се преженил со една вдовица Македонка, со која имал четири ќерки и еден син, Никола. Гацо го посинил и синот на вдовицата, Димитар, кој подоцна цело време го придружувал во борбите. Ангел Гацо до 1828 година, кога беше ослободена Грција, учествувал во сите поважни борби и тоа во: Аграфа до Камноти, Плака, Кремиди, Идра, Скијати и многу други места. Македонските војводи Карташо и Гацо во текот на шестгодишно учество во грчката револуција (1821-1828) биле засилувани секогаш со нови борци кои доаѓале од Македонија да учествуваат во Револуцијата. По ослободувањето на Грција во 1828 година овие македонски фамилии како емигранти биле собрани во испразнетото село од Турците, Аталанта близу до Тива. Каратaшо умрел во 1831 година, а Гацо во 1839 година, во голема сиромаштија. Малиот син на Гацо, Никола, во 1830 бил ослободен од заробеништво, жена му била мачена и убеан од Турците, а четирите ќерки биле насила потурчени.

***Извор: „Македонските војводи низ собитијата и народните песни“ – Коле Рошев***